**20130491085**

**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

Врз основа на член 15, став (11) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија” бр. 48/10, 23/11, 80/12 и 155/12), Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И УПАТСТВОТО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА, АНЕКСОТ ЗА ФИНАНСИСКО ПОКРИТИЕ ЗА ОДГОВОРНОСТ ОД ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ

Член 1

Во Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на дозволата, анексот за финансиско покритие за одговорност од вршење дејност, формата и содржината на образецот на дозволата, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени дозволи за вршење на јавен железнички превоз во Прилог 1, во делот УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО, точката 3 се менува и гласи:

3. Подносителот на барањето, при поднесување на барањето до Агенцијата, доставува уплатница за извршена уплата од 30.000,00 денари, согласно Законот за административни такси („Службен весник на РМ“ БР.17/93 со понатамошните измени и дополнувања).

Средства се уплаќаат во Буџет на Република Македонија, на жиро сметка 100-0000000006-30, уплатна сметка 840-xxx-03161 и приходна шифра 722313.

Во полињата xxx потребно е да се наведе ознаката на општината, на која припаѓа барателот, согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел од Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен весник на РМ“ бр.114/09, 153/09, 43/10 и 185/11).

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01 – 348/2
26 март 2013 година Скопје

Агенција за регулирање на
железничкиот сектор
Претседател
на Управен одбор,
**Силвана Мојсовска,** с.р.